## СВЕТСКИ ДЕН НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО




**БИДЕТЕ ТУКА ЗА НЕКОЈ ДРУГ.**

**ДАРУВАЈТЕ КРВ.**

**СПОДЕЛУВАЈТЕ ГО ЖИВОТОТ.**

Секоја година, на **14 јуни**, земјите во светот го прославуваат Светскиот ден на крводарителството. Настанот служи за да им се покаже благодарност на доброволните, неплатени крводарители за нивното дарување крв која спасува живот и за да се подигне свеста за потребата од редовни донации на крв за да се обезбеди квалитетот, безбедноста и достапноста на крвта и крвните продукти за пациентите на кои им е потребна.

Трансфузијата на крв и производи од крв помагаат да се спасат милиони животи секоја година. Таа може да им помогне на пациентите кои страдаат од состојби опасни по живот да живеат подолго и со повисок квалитет и поддржува комплексни медицински и хируршки процедури. Таа, исто така, има суштинска, животно спасувачка улога во грижата за мајките и децата и за време на брз одговор на вештачки предизвикани и природни катастрофи.

Службата за крв која им дава на пациентите пристап до безбедна крв и крвни продукти во доволна количина е клучна компонента на еден ефективен здравствен систем. Адекватно снабдување може да се обезбеди само преку редовни донации од доброволни, неплатени крводарители. Меѓутоа, во многу земји, службите за крв се соочуваат со предизвикот да обезбедат доволно крв, а истовремено да го обезбедат нејзиниот квалитет и безбедност.

Јуни, 2018
**Извор**: www.euro.who.int
**Изготвил:** Бранка Крстев, дипл. социјален работник